949.717.1:329

Димитар ДИМЕСКИ

# ПОИЛИНДЕНСКИТЕ ВООРУЖЕНИ СУДИРИ НА МРО СО ОСМАНЛИСКИОТ АСКЕР (1904, 1905 г.)

Евидентно, Македонија во поилинденскиот период била најневралгичното подрачје на Балканот. Драматичните прилики најдобро ги окарактеризирале солунските конгресисти во летото 1905 година истакнувајќи: „Од 1903 година земјата се наоѓа без прекин во воена состојба".[1]

Во ова доба, три основни воени фактори влијаеле за осцилациите на воениот калеидоскоп во Македонија.

На прво место доаѓа османлискиот воен фактор со усовршен репресивен апарат, за што очигледни заслуги има самиот Хусеин Хилми паша. Така, во летото 1904 година, за трите македонски велаети, со цел сузбивање на четништвото, биле предвидени три елитни извиднички полка, составени од одбрани низами, вооружени со соодветно автоматско оружје.[2] Тоа, несомнено, се злогласните авџи-табури.[3] Кон нив треба да се приклучи реорганизираната османлиска жандермерија со помош на мирцштегските европски офицери. Тука е и редовниот аскер, османлиската полиција и негласно толерираниот башибозук. „Пацификаторската" улога на Хилми паша и премолчениот благослов на мирцштегските реформатори најдобро се насликани во циркуларот на Вториот (Битолски) окружен комитет на МРО адресиран до цивилните агенти во летото 1905 година. Во него се истакнува дека Хилми паша „сака да ја реформира Македонија, откако ќе го истреби христијанското население". Воедно, се жигосуваат мирцштегските реформатори „чие присуство во Македонија дава еден вид морална санкција на крвавите дејства на турскиот режим". Затоа, се предупреду-

[1] *Ив. Катарџиев,* Прилог кон проучувањето положбата на ВМРО по Илинденското востание. Записник од Вториот конгрес на Солунскиот револуционерен округ, Г ИНИ, IX/1, Скопје, 1965, 244.

[2] Телеграма на конзулот Пара, Скопје, 11 јули 1904 г., — *Д. Зографски,* Извештаи од 1903—1904 година на австриските претставници во Македонија ИНИ, Скопје, 1955, 230.

[3] *Хр. Силяновъ,* Освободителнитѣ борби на Македония, Следъ Илинденското възстание, т. II, София, 1943, 128.

ва дека населението „ќе прибегне кон саомзаштита, која лесно може да се изрази во востание."[4]

На второ место доаѓа автохтониот, македонски воен фактор олицетворен во МРО. Самата Организација влегла во поилинденскиот период со заслабена кохезија и видна поларизација на силите. Посебно проблематичен станал нејзиниот четнички институт, кој, под влијание на Христо Матов, еволуирал во негативна насока. Тоа, според мислењето на солунските конгресисти од август 1905 година на МРО ѝ дало, наместо револуционерен, „чисто бунтовнички карактер".[5] Од друга страна, кон тоа гравитирала, меѓу другото, и одлуката за превртување на патријаршиските во егзархиски села. Ваквите деформации, пропратени со евидентните штети од сарафизмот, неминовно воделе кон внатрешно заслабување на самородниот македонски фактор.

И најпосле, доаѓа присуството на балканскиот воен фактор во Македонија, олицетворен во трите главни, конкурентски, вооружени балкански пропаганди, кои му нанесле огромни штети на македонското националноослободително движење. Нивна примарна задача била уништување на македонскиот воен фактор и симнување на Македонската революционерна организација од историската сцена. Притоа, обилно го користеле османскиот воен фактор, служејќи се, првенствено, со беспримерни предавства, при што често страдало и невиното македонско население.

Дотогаш, мирцштегскиот офицерски кôр служел, пред сè, како орнамент на македонската воена сцена. Во ова време само еднаш, сосема кратко, се вмешал големоевропскиот воен фактор во вид на познатата флотска демонстрација кон крајот на 1905 година. Тоа била само форма на притисок насочена кон воведување Меѓународна европска финансиска контрола во македонските вилаети.[6]

Бездруго, МРО, внатрешно разјадувана, а однадвор силно атакувана, преживувала тешки времиња. Посебно тешки удари претрпела од својот примарен, османлиски непријател. Бројните судири, случајни или намерни, најчесто со предавнички вкус, ѝ нанесле непоправливи загуби. Тука, во преден план доаѓа оретчувањето на нејзиниот револуционерен кадровски потенцијал. Така, во поилинденскиот период, на македонската воена арена изгинал револуционерниот цвет на македонската илинденска генерација. Само во двете поилинденски години (1904, 1905 г.) МРО изгубила знатен раководен, војводски потенцијал. Тогаш, меѓу другите, животите ги положиле: Толе Паша (февруари 1904 г.), Дедо Коле (1904 г.), Андреј Казепов (април 1904 г.), Славко Арсов (јули 1904 г.), Никола Ка-

---

4 „Ваше Прѣвосходителство". — Управление на II Революционенъ Окрѫгъ. — Революционенъ листъ, бр. 18, 9 август 1905, 13—14.

5 *И. Катарџиев*, Прилог..., Записник од Вториот конгрес на Солунскиот револуционерен округ..., 244.

6 Cf. *Гл. Тодоровски,* Реформите на Големите европски сили во Македонија (1829—1909 г.), Скопје, 1984, кн. 3, 235—250.

ранцулов (август 1904 г.), Ѓурчин Наумов Слански (октомври 1904 г.), Константин Нунков (февруари 1905 г.), Сава Михајлов (март 1905 г.), Цено Куртев (април 1905 г.), Христо Узунов (април 1905 г.), Ванчо Србаков (април 1905 г.), Пецо Грнчаров (април 1905 г.), Никола Карев (април 1905 г.), Стефан Димитров (мај 1905 г.), Атанас Тешовалијата (мај 1905 г.), Атанас Бабата (јуни 1905 г.), Алексо Турунџев (септември 1905 г.), Леонид Јанков (септември 1905 г.).

Слегувањето од историската сцена на оваа плејада македонски револуционери претставува ненадоместлива загуба за македонското националноослободително движење.[7]

Ќе наведеме неколку позначајни борби во 1904 година.

1. На 16 февруари 1904 година[8] во с. Гудјаково, Мариовско, во судир со броен османски аскер настрадала четата на легендарниот Толе Паша,[8a] а нешто подоцна (2.) била ликвидирана и четата на Дедо Коле.[9] Во двата случаи станувало збор за предавство.

На 17 април 1904 година во осамнски раце, по извршено предавство, паднал Алексо Турунџев.[10] Бил обесен на Ат-пазар во Битола на 12 септември 1905 година,[11] коешто длабоко ги трогнало неговите современици. Самиот Хусеин Хилми паша ден пред тоа ја напуштил Битола. Алексо Турунџев умрел со зборовите: „Никој од Вас нема да ме преживее!“[11a]

3. На 22 јули 1904 година[12] се одиграла петчасовна крвава борба, предизвикана од предавство, помеѓу здружените чети на Славко Арсов, Стојан Донски и Атанас Бабата од една, и броен османлиски аскер придружен од кавалерија, од друга страна, во месноста Лингура кај с. Ѓурѓинци (Ѓиѓанци), Кратовско.[12a]

---

7 Cf. *М. Пандевски,* ВМРО и неоврховизмот (1904—1908), Скопје, 1983, 187.

8 3 феруари ст. стил 1904 г.

8a До Св. Горци, 6. II. 1904. — *Љ. Лапе,* Документи за положбата во Македонија и во Организацијата во I половина од 1904 година, Г ИНИ, V/2, Скопје, 1961., 256;

Извештај на А. Крал бр. 33 од 22 април 1904, — *Д. Зографски,* op. cit., 170;

Хр. Силяновъ, op. cit., 20

9 Кај Хр. Силјанов фигурира 8/21 февруари н. ст. 1904 (Хр. Силановъ, op. cit, 21), додека кај А. Крал — 22 март истата, 1904 г. (Д. Зографски. op. cit., 170).

10 *Д. Зографски,* op. cit., 170.

11 30.VIII ст. стил.

11a Обѣсването на Алексо Турунджиевъ, Битоля, 31 августь., — Революционенъ листъ бр. 20, 15 септември 1905, 13—14.

12 9 јули ст. стил.

12a Изъ революционния животъ. — Революционенъ листъ бр. 1, 12 августъ 1904, стр. 12;

Изъ революционния животъ. Революционенъ листъ бр. 3, 17 септември 1904 г., 13.

Кај Хр. Силјанов фигурира 11/24 јули н. ст. 1904 г. (Хр. Силяновъ, op. cit., 309). Меѓутоа, подоцна се јавува во Рев. лист корекција на настанот, па фигурира 9/22 август. н. стил (Славко Арсовъ, — Рев. листъ бр. 11, 1 април 1905, 3).

Cf. Извештај на Б. Пара од 23 септ. 1904. (Прилози, I. Смртна пресуда), — Д. Зографски, op. cit., 240.

Притоа, револуционерите имале 8 мртви, меѓу кои и војводата Славко Арсов, а Турците 35-мина. Всушност, тешко ранетиот Славко Арсов, за да не падне жив во непријателски раце, извршил самоубиство.[13]

4. На 10 август 1904 година[14] кај с. Селце, Прилепско, здружените чети на Петре Ацев и Никола Каранџулов имале 5-часовен судир со бројна осамнлиска потера. Тогаш настрадал Никола Каранџулов. Турците загубиле 2 офицери и 30-на војници.[14a]

5. На 9 октомври 1904 година[15] здружените чети на Ѓорѓи Сугарев, Петре Ацев и Ѓурчин Наумов, кон кои се приклучила група демирхисарски милиционери предводена од Даме Груев, — имале судир со бројна османска потера кај с. Слатина, Поречче. Предавството го извршил големосрпскиот војвода Мицко Крстев Павлески - Латоецот. Во борбата загинал ветеранот на МРО, 53 годишниот Ѓурчин Наумов Слански.[15a] Притоа, лесно ранетиот Даме Груев наивно се нашол во рацете на големосрпската пропаганда.

Серијата покрупни борби со османскиот аскер во 1905 година ја отворил кумановскиот реонски војвода Константин Нунков. Така, (1.) на 19 февруари 1905 година[16] во Кутлибешкиот дол кај с. Кашани, Кумановско, во снежен амбиент, во нерамна борба со бројна османска потера настрадала целата 7-члена реонска кумановска чета предводена од Константин Нуков.[16a]

2. На 14 март 1905 година[17] се одиграла една од најкрвавите поилинденски борби кај с. Смол, Гевгелиско. Тогаш, здружените чети на Сава Михајлов и Апостол Петков Терзиев, составени од 42 револуционери, биле опколени кај с. Смол (месност Голема Рудина и Бачево) од броен османски аскер и разуларен башибозук. Со воената операција раководел бригад-

---

13 Изъ революционния животъ. — Революционенъ листъ бр. 1, 12 август 1904 г. 12.

14 28.VII. ст. стил.

14a Изъ революционния животъ. Рев. листъ бр. 1, 12 август 1904.
Cf. *Никола Д. Каранджуловъ*. Революционенъ листъ бр. 15, 12 юни 1905, 2—3.

15 26.IX. ст. стил.

15a Изъ революционниъ животъ. Рев. листъ бр. 6, 18 ноември 1904, 14.
Кај. Хр. Силјанов фигурира 4/17. X н. стил 1904 г. (Хр. Силяновъ, op. cit., 292—293).
*Р. Апостолски,* Порече, Поречани и Мицко војвода, Македонски Брод, 1976 г., 146—147.
Меѓутоа, кај Ѓ. Димовски-Цолев, борбата е датирана пред Митровден. (Ѓ. Димовски Цолев, Ѓорѓи Сугарев, Битола, 1988, 74).

16 6.II ст. стил.

16a Писмо. Революционенъ листъ бр. 9, 28 февруари 1905, 14.
Cf. *Константинъ Нунковъ*. — Революционенъ листъ бр. 10, 15 мартъ 1905, 2—3;
Още една кървава страница. — Рев. листъ бр. 11, 1 априлъ 1905, 3—4;
*Хр. Силяновъ*, op. cit., 311—312.

17 1 март ст. стил.

ниот османлиски генерал Едхем паша. Борбата ја набљудувал рускиот офицер Фролов, ангажиран со Мирцштегската програма, кој се залагал за безмилосно целосно ликвидирање на четата. Во борбата храбро загинале 40 револуционери, меѓу кои и Сава Михајлов, кој се самоубил (со отров). Се спасиле само двајца: Апостол Петков Терзиев и Илија Личев. Хилми паша ликувал. Оттаму, по негов предлог, султанот Абдул Хамид II ги наградил победниците. И не само тоа. За да се засенчат очите на цивилизирана Европа им биле врачени по 10 турски лири на семејствата на загинатите, вклучувајќи ги и оние на револуционерите.[17a]

3. На 15 април 1905 година во с. Драмче,[18] Кочанско, реонската кочанска чета, предводена од Цено Куртев, се судрила со царевоселскиот аскер. Притоа настрадале сите 16 четници заедно со војводата. Да биде несреќата поголема, во турски раце паднала архивата, поради што пламнала афера во Кочани и околните кочански села.[18a]

4. На 24 април 1905 година[19] се одиграла знаменитата борба кај с. Цер, Демирхисарско. Овде дошло до познатиот саможртвен чин на Христо Узунов и неговите придружници. Овој подвиг длабоко се врежал кај современиците. Посебно е значајно претсмртното писмо на Христо Узунов. Покрај Узунов и четниците, во борбата загинале и војводите Ванчо Србаков и Пецо Грнчаров.[19a]

5. На 27 април 1905 година[20] се одиграла познатата борба кај с. Рајчани, Кочанско, помеѓу здружените чети на Никола Карев и Петре Ацев — со османлискиот аскер и башибозук. Во борбата учествувала и османска кочанска кавалерија. Во повеќечасовната крвава борба револуционерите загубиле 18-мина, меѓу кои и првенецот на Крушевската Република, 28 годишниот Никола Карев. Во борбата бил ранет и Петар Ацев. Османлиските загуби биле бројчано поголеми.[20a]

6. На 25 мај 1905 година[21] неврокопската реонска чета составена од 25 четници под раководството на Атанас Тешовалијата во близина на Али-Ботуш на Пирин Планина имала едноподруго два судири со османлиска потера. Од првиот, че-

---

17a *Хр. Силяновъ*, op. cit., 164—165;
*Вл. Картов*, Сава Михајлов, Скопје, 1977, 100—106;
Cf. Писмо. Сражение. — Рев. листъ бр. 10, 15 мартъ 1905, 14;
*Сава Михаиловъ*, Рев. листъ бр. 12, 15 априлъ 1905, 2—3;
*К. Битоски*, Апостол Петков Терзиев, Битола, 1988, 70—71.

18 2 април ст. стил.

18a Изъ революционния животъ. (Писмо). Кочани, 8 априлъ 905 г. Рев. листъ бр. 13, 1 май 1905, 9;
Сражението въ. с. Драмче (писмо), Рев. листъ бр. 14, 15 май 1905, 11.

19 11 април ст. стил.

19a Поопширно за Христо Узунов и драмата во Цер кај: *Хр. Андонов Полјански*, Христо Узунов, Охрид, 1985 г.

20 14 април ст. стил.

20a Изъ революционния животъ. Сражение. — Революционенъ листъ бр. 13, 1 май 1905, 10.

21 12 мај ст. стил.

тата се извлекла без загуби, а на бојното поле останале 20-на аскерлии. Вториот судир го предизвикала поставена османлиска заседа, при што војводата Атанас Тешовалијата бил тешко ранет, поради што набргу починал. Таа била единствената, но драгоцена загуба на неврокопската реонска чета.[21a]

7. На 9 јуни 1905 година[22] четата на Јане Сандански составена од 33 души, случајно била откриена во с. Сугарево, Мелничко, од триста кашински аскерлии. Наскоро, ним им се приклучил мелничкиот, а веројатно, и неврокопскиот аскер, па бројката пораснала до 1500 души. По седумчасовна борба, некаде околу 15 часот попладне, користејќи ја паднатата густа магла, четата на Јане Сандански, со мудра тактика, успеала да го пробие обрачот и да се добере до планината. Загинал само Коце од Ловча, а тројца борци биле лесно ранети. Од османлиска страна загинале петмина офицери, меѓу кои и еден бинбаша, како и 50-на аскерлии. По завршувањето на борбата, аскерот одмаздннчки се нафрлил врз незаштитените селани, при што тројца ликвидирал, а селото целосно го ограбил.[22a]

8. На 26 јуни 1905 година[23] во планинскиот предел близу с. Куклица се одиграл уште еден саможртвен подвиг. Тогаш кратовската 14-члена реонска чета предводена од познатиот кратовски војвода и член на Скопскиот окружен комитет — Атанас Бабата, во придружба на седум селски милиционери, била опколена од многуброен аскер напливнат од Куманово, Кратово и Крива Паланка, како и од блискиот башибозук. Во прашање било предавство, веројатно од Шопско Рудари. Во четиричасовната крвава борба (10—14 часот) неколкуилјаден аскер (пешадија и 100 души кавалерија) со помош на ридска артилерија и во придружба на броен башибозук, безочно атакувале на 21 револуционер. Борбата ја набљудувал кратовскиот кајмакам во придружба на австриски офицер, ангажиран со Мирцштегската програма, кој со интерес ја следел „пацификацијата". Опстрелувани со неколен артилериски оган, при недостиг на сопствена муниција, револуционерите се одлучиле на саможртвен чин. Веројатно во меѓусебен договор, само еден се обидел да се извлече, при што успеал да остане жив, пробивајќи се низ обрачот. Останатите, откако претходно ги искршиле пушките и двата дурбини, извикувајќи „Да живее слободна Македонија!" со револверски истрели се самоубиле. На ритчето останале 20 мртви македонски херои, меѓу кои и војводата Атанас Бабата.[23a]

9. На 14 јули 1905 година[24] тиквешката реонска чета предводена од Добри Даскалов во Кавадаречкиот синор иамла 12

---

21a Сражение. Революционенъ листъ бр. 15, 12 юни 1905, 13.
*Г. Б. Атанасъ Тешовалията*. Рев. листъ бр. 19, 25 августъ 1905, 2—3,
22 27.V ст. стил.
22a *Яне Сандански*. Сражение. 8.VI.905 Рев. листъ бр. 16, 5 юли 1905.
Cf. *Дракуловъ*, Сражение. 1.II.1905. Рев. листъ бр. 15, 12 юни 190 , 13.
23 13 јуни ст. стил.
23a *Атанасъ Бабата*. Рев. листъ бр. 16, юли 1905, 4—5.
24 1 јули ст. стил.

часовен судир со османски аскер. Притоа, со бомби, успеала да го пробие обрачот.[24a]

10. Од 13 септември 1905 година[25] датира херојскиот подвиг на Леонид Јанков во месноста Ѓуров дол, Ѓаватско. Овој јуначен десетар од четата на Аргир Манасиев, со двајца свои другари, имал повеќечасовна пресметка со неколкуилјаден османлиски аскер. По смртта на двајцата свои другари, Леонид Јанков се обидел сам да ја продолжи борбата. Наоѓајќи се во безизлезна ситуација, Леонид извршил самоубиство. Османлиските загуби биле доста големи бидејќи, при мошне тесниот обрач, дошло до невнимателна меѓусебна престрелка на аскерот. Оттаму, имало доста загинати.[25a] Покрај тоа, гевгелиската воена болница била преполна со ранети, а дел од потешко ранетите бил префрлен во Солун.[26] Епската борба на Леонид Јанков народот од гевгелискиот крај импресивно ја опеал во една од најубавите македонски народни револуционерни песни.

Со ова се исцрпува листата на поважните борби на организационите чети со османскиот аскер во 1904 и 1905 година.

И само воениве судири со примарниот, османлиски непријател во првите две крвави повостанички години (1904—1905) покажуваат низ каква кризна ситуација се провлекувала Македонската револуционерна организација. Оттаму, не случајно, очите на нејзините прогресивни протагонисти биле вперени кон претстојниот општ (Рилски) конгрес на МРО, со крупна надеж дека тој ќе санкционира вистински решенија за излез од ќорсокакот, за консолидација и подем на македонското револуционерно националноослободително движење.

Dimitar Dimeski

## THE POST-JLINDEN ARMED CONFLICTS OF THE MRO WITH THE OTTOMAN ARMY (1904-1905)

### Summary

Macedonia in the Post-Jlinden period was the most turbulent region in the Balkans.

The MRO with the internal disagreement was strongly attacked had a difficult time also from outside. Especiallcially its primary enemy was the Ottoman joke.

The numerous military conflicts with the primary enemy in the two post-uprizing years (1904-1905) show all the crisis concerning the activity of the MRO, So, the expectataions from the common (Rila) Congress of the MRO were great, hoping that it will find real solutions for consolidation of the Macedonian national revolutionary movement.

---

24a Сражение., — Революционненъ листъ бр. 18, 9 августъ 1905 г., 14.

25 31.VIII т. стил.

25a *Ан. Динев*, Илинденска епопеја, дел II, Скопје, 1949, 214—218. Изъ революционния животъ. Сражение. Рев. листъ бр. 20, 15 септември 1905, 13.

26 Сражение. Революционненъ листъ бр. 20, 15.IX.1905 г., 13.

Скопје, 3.02.1992 год.